Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-2425
23.04. 2025 год.
СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА СОБРАНИЕ
НА АКЦИОНЕРИ

Управниот одбор на ГД „Гранит,,АД Скопје на 31-та редовна седница одржана на 23.04.2025 година, расправајќи за Извештаите на независниот ревизор за посебните и консолидирани финансиски извештаи на ГД „Гранит" АД Скопје, за работењето во 2024 година, согласно член 57 од Статутот на Гранит, ја утврди и му предлага на Собранието да ја усвои следнава

# О Д Л У К А

1. Се усвојуваат Извештаите на независниот ревизор за посебните и консолидирани финансиски извештаи за работењето во 2024 година на ГД „Гранит" АД Скопје.
2. Извештаите на независниот ревизор за посебните и консолидираните финансиски извештаи на ГД „Гранит" АД Скопје, за работењето во 2024 година се прилог на Одлуката.
3. Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје изврши ревизија на годишната сметка, консолидираната годишна сметка, посебните и консолидираните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година. Ревизијата е спроведена согласно Меѓународните стандарди за ревизија и извештаите на ревизорите даваат мислење дека финансиските извештаи и годишната сметка (посебни и консолидирани) ја презентираат веродостојно и објективно финансиската состојба, резултатите од работење, како и паричните текови за годината која завршува на 31 декември 2024 година во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Република Северна Македонија. Управниот одбор ги прифаќа извештаите и му предлага на Собранието во таа смисла истите да ги усвои.

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Претседател на Управен одбор

Страшо Милковски

Доставено до:
-Собрание на акционери
-Македонска берза
-Сектор за финансиски работи
-Сектор за ПКОР
-А р х и в а